МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# КЗД ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ВОДИЧ ЗА ГРАЃАНИТЕ

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

Проектот „Од норма до пракса“ го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Димче Митрески, извршен директор

**Автори**
Агим Нухиу – Утврдување и докажување на дискриминацијата
Ирена Митевска – Улогата на КЗД
Ленче Коцевска – Внатрешна процедура за постапување на КЗД
Ризван Сулејмани – Вовед, основни поими, заклучоци и препораки

**Лектура**
Даниел Медароски

**Дизајн, подготовка и печатење**
Аркус

ISBN 978-608-4681-14-4

**Скопје, февруари 2014 г.**

Оваа публикација е подготвена со поддршка на Европската Унија за потребите на проектот „Од норма до пракса“, во рамките на Програмата за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС 2007-2013.Содржините на публикацијата се одговорност на авторите и на ниту еден начин не ги одразуваат погледите на Европската Унија и на Македонскиот центар за меѓународна соработка.
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

**Контакт**
МЦМС - адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381; Факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; Веб: www.mcms.mk.
Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697; SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk

Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

# КЗД ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ВОДИЧ ЗА ГРАЃАНИТЕ

февруари, **2014 г.**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 7
Основни поими за дискриминација употребени во овој водич ... 9
I. КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА КАКО ЈАВНА ИНСТИТУЦИЈА И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ... 13
I.1. УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ... 13
I.1.1. Заштитна функција ... 13
I.1.2. Промотивна функција ... 14
I.1.3. Советодавно–едукативна функција ... 14
I.1.4. Истражувачка функција ... 14
I.1.5. Меѓуинституционална соработка ... 14
II. НАДЛЕЖНОСТИ И ЗАДАЧИ НА КЗД СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ... 15
II.1. Давање информации за заштита на правата на подносителот на претставката ... 15
II.2. Комисијата за заштита од дискриминација во улога на замешувач ... 16
II.3. Поднесување годишен извештај до Собранието на Република Македонија ... 17
II.4. Информирање на јавноста за случаите на дискриминација и преземање активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата ... 18
II.5. Одржување база на статистички и други податоци, спроведување студии и истражувања ... 19
II.6. Соработка со другите надлежни институции за заштита на човековите права на локално, на национално и на меѓународно ниво ... 19
II.7. Соработка со други институции во процесот на решавање конкретен случај на дискриминација ... 20
II.8. Донесување акти ... 21
III. ВНАТРЕШНА ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ... 22
III.1. Работењето на Комисијата ... 22
III.1.1. Стручна административна служба ... 22
III.1.2. Седници на Комисијата ... 23
III.1.3. Работните средби на Комисијата ... 24
III.2. Постапување по претставки ... 25
III.2.1. Поднесување претставка ... 26
III.2.2. Обработка на добиените претставки ... 26
III.2.3. Покренување постапка ... 27
III.3. Утврдување и докажување дискриминација ... 28
Заклучоци и препораки ... 34
Прилози ... 37

***Почитувани***

Врз основа на **Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 8 април 2010 година (објавен во „Службен весник на РМ", бр. 50/2010 од 13.04.2010), од 01.01.2011 година е основана Комисијата за заштита од дискриминација како **централен национален авторитет** за спречување и заштита од дискриминација, како и за афирмација и промоција на еднаквоста, недискриминацијата и толеранцијата.

Три години од работата на оваа комисија не е доволен временски период за да се изведат крајни заклучоци за законот и за работата на комисијата, но е доволен за да се предложат и усвојат алатки за подобрување на работата на комисијата и за зголемување на ефектите, како предуслов за да се оствари мисијата на оваа комисија „елиминирање секаков вид дискриминација", како што е дефинирана во Стратешкиот план 2011-2015 година.

Цврсто определени за да ги постигнеме поставените цели во стратегијата и обврските кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата, во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка, одлучи да подготви и издаде една ефикасна алатка за помош на сите кои ќе се почувствуваат дискриминирани, по кој било основ и од која било област, но и за тие кои помагаат во работата на Комисијатаа и ја надгледуваат истата, со цел поефикасно спроведување на поставените цели.

Водичот наречен „КЗД во функција на заштитата од дискриминација" е една таква алатка, која ќе им биде на располагање на сите тие кои ќе се обратат за помош кај нас, но и на сите тие кои се заинтересирани за надлежностите и работата на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД).

Водичот го објаснува поимот дискриминација, Комисијата како независно тело, надлежностите и улогата на истата, актите кој ги донесува, информациите и податоците кои можаат да ги добијат заинтересираните, соработката на комисијата со другите органи во процесот на решавање конкретни случаи, интерните процедури за постапување пред Комисијата за заштита од дискриминација, улогата на Комисијата при судски постапки, како и фромулари кои се користат при поднесување преставка. На крајот се даваат одредени крајни заклучоци кои цениме дека се корисни за подобрувањето на работата на Комисијата.

Комисијата им е благодарна на сите тие кои придонесоа за финансирање, поддршка и стручна помош.

Скопје,
февруари 2014

Во името на Комисијата
претседател
*Душко Миноски*

# ВОВЕД

Заштитата од дискриминација може да биде третирана во рамките на заштитата на човековите права и слободи. Заштитата на овие права и слободи е гарантирана во членот 50 од Уставот на Република Македонија, каде што е утврдено дека секој граѓанин пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија може да бара заштита на правата и слободите утврдени во Уставот, почитувајќи ги начелата на приоритет и итност. Уставниот суд на Република Македонија остварува директна заштита на слободите и правата на граѓаните. Слободата на религијата, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, здружувањето и политичка акција и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, религија, националност, социјална и политичка припадност може да бидат заштитени и во Уставниот суд. Уставниот суд ги штити слободите и правата на граѓаните, и тоа индиректно. Тој, донесувајќи одлуки за законитоста и уставноста на правните акти и укинувајќи конкретни одредби со кои се повредуваат тие права, индиректно ја прави заштитата на граѓаните од неуставни и нелегални акти и дејствија.

Пред редовните судови, заштитата на слободите и правата на граѓаните во постапките се остварува преку судските постапки кои се однесуваат на заштитата на личните права, односно правно заштитениот интерес.

Покрај ова, заштитата од дискриминација согласно последните законски измени се спроведува и во посебни постапки и пред Комисијата за заштита од дискриминација.

Водичот „КЗД во функција на заштитата од дискриминација" претставува систематизирано и искуствено разгледување на постапката од поднесување претставка од страна на лицето кое наводно е дискриминирано до конечно заземање став во вид на мислење, од страна на Комисијата за заштита од дискриминација. Како појдовни документи за составување на овој водич се земени **Законот за спречување и заштита од дискриминација,** кој е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 8 април 2010 година (објавен во „Службен весник на РМ", бр. 50/2010 од 13.04.2010), Деловникот за работа КЗД, како и претходно донесениот Стратешки план и Комуникациската стратегија на КЗД. Посебно се водеше сметка за сознанијата добиени од досегашното работа на Комисијата и воспоставените практики во работата на Комисијата. Досегашното искуството од работата на Комисијата укажа дека е неопходен еден документ кој постапката пред Комисијата ќе ја направи појасна, а со тоа работата на комисионерите и поефективна. Имајќи предвид дека граѓаните кои се жалат за повреда на правото по основ на дискриминација не се секогаш доволно стручно образовани за оваа проблематика, водичот следи една поедноставна терминологија за појаснување на постапката пред комисијата. Ова не значи дека нема да им користи и на други заинтересирани страни, како што се невладини организации (НВО) и други поединци и институции кои потемелно ја третираат оваа проблематика.

Водичот е поделен во три глави, кои завршуваат со заклучоци и препораки. На крајот се даваат и крајните заклучоци и препораки, како и додаток формулар, шеми за посликовито објаснување на процедурите за кои цениме дека вреди да се имаат предвид.

Пред да се почне со подетално објаснување на дејствијата и активности за секоја глава поединечно, дадени се кратки објаснувања за изразите, кои најчесто се користат во водичот.

Секоја глава има и неколку подглави, каде попрецизно се обработува проблематиката која ја третира таа глава. Водичот не ги обработува основите на дискриминација бидејќи тие се разработени во посебен водич на Комисијата. Во водичот посебно се нагласуваат или потенцираат одредени ситуации кои се забележани како искуство или опис на моменталната ситуација за одредени области или воспоставени практики. Заклучоците по глави се дадени на основа на досегашното искуство или сознанија од добрите практики во некои други тела слични на Комисијата за заштита од дискриминација.

На крајот се дадени општи заклучоци и препораки кои главно се извлечени од заклучоците и препораките дадени по глави.

Овој водич треба да служи како помагало за сите тие кои сметат дека се жртва на дискриминација, по кој било основ и од која било област, без претензии дека е крајниот збор во обработката на оваа проблематика. Три години од работата на оваа комисија сепак е прекраток период за да се извлечат крајни заклучоци и препораки, но доволен за да се подготви водич кој во оваа ситуација и во овие околности ќе им биде од помош на тие кои ќе се обратат до нас било како наводно дискриминиран или наводен дискриминатор, било за добивање подетални информации и податоци за работата на Комисијата.

Водичот е изработен во рамките на проектот „Од норма до пракса за еднаквост", кој го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија, на кои искрено им се заблагодаруваме.

# ОСНОВНИ ПОИМИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА УПОТРЕБЕНИ ВО ОВОЈ ВОДИЧ

**Човекови права**

„Сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви според достоинството и правата. Тие се обдарени со разум и свест и треба едни кон други да постапуваат во духот на братството“ *(чл. 1, Универзална декларација за човековите права*, Париз 1948 година). Човекови права се права кои им припаѓаат на сите човечки суштества, без оглед на националноста, местото на живеење, полот, националната или етничката припадност, бојата, религијата, јазикот или кој било друг статус. Сите ние имаме исто право на нашите човекови права без дискриминација. Сите овие права се меѓусебно поврзани, меѓузависни и неделливи.

**Еднаквост**

Еднаквост претставува начело според кое сите луѓе се сметаат рамноправни, односно изедначени во поглед на нивните права и обврски.

**Дискриминација**

Секое неоправдано правно или физичко, непосредно или посредно правење разлика или нееднакво постапување, односно пропуштање (исклучување, ограничување или давање првенство) во однос на лица или групи кое се заснова на пол, раса, боја на кожата, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или кој бил друг основ.

**Комисија за заштита од дискриминација**

Комисијата за заштита од дискриминација е самостоен и независен орган кој работи во согласност со надлежностите утврдени со Законот за спречување и заштита од дискриминација

**Состав на Комисијата**

Комисијата е составена од седум члена. Членовите на комисијата ги избира Собранието на Република Македонија со мандат од пет години со право на еден повторен реизбор. Од редот на членовите на Комисијата се избира претседател со мандат од една година.

**Седниците на Комисијата**

Седниците на Комисијата ги свикува претседателот по сопствена иницијатива. Седниците се свикуваат еднаш месечно. Седница на Комисијата може да се свика и по писмен образложен предлог од страна на еден член на Комисијата. На седниците Комисијата расправа за значајни настани за заземање ставови за определени дискриминаторски изјави и појави, учество на проекти и присуство на странски и домашни експерти, само доколку бидат поканети на седницата, од страна на претседателот на Комисијата.

**Работни средби на Комисијата**

Работните средби на Комисијата се одржуваат еднаш неделно - секој четврток. Работните средби на Комисијата се одржуваат еднаш неделно, на кои се расправа за тековните работи, за актуелните прашања поврзани со работата и претставувањето на Комисијата, за поднесените претставки и донесените мислења, за присуството на седниците и на работните средби на странски експерти и други лица од кои може да се побара стручно мислење

**Поднесување претставка**

Претставка до Комисијата може да поднесе секој граѓанин (лично или преку полномошник) писмено, усно со записник или во друга форма (телефакс, или по електронска пошта). За усно поднесената претставка се составува службена белешка.

**Постапување по претставката**

Постапување (обработка) на претставката опфаќа прием и обработка на претставките, упис на примените претставки, формирање предмет и негово внесување во системот на податоците, распоредување на предметите на членовите на Комисијата, постапување по предметите, административно-техничка обработка на предметите, достава на писмената, архивирање, чување и достава на предметите.

Според деловникот за работа, КЗД може да не покрене постапка, да покрене постапка или да ја прекине постапката.

**Мислење**

Комисијата може да донесе мислење дека има дискриминација и дека нема дискриминација. Кога Комисијата ќе констатира дека со некој акт или со некое дејствие некое лице е дискриминирано, донесува мислење, препорака и укажување за начинот на отстранување на констатираната повреда.

### Утврдување и докажување дискриминација

Комисијата за заштита од дискриминација ја утврдува дискриминацијата врз основа на фактичка состојба. Фактичка состојба е збир на факти кои се од клучно значење за основата на иницијатива за утврдување дискриминација.

### Потврдени факти

Комисијата ги зема предвид констатираните и потврдните факти. Тие Комисијата ќе успее да ги утврдува од самиот поднесен одговор за дискриминацијата и изјавите на другите лица кои имаат познавање на одредена фактичка основа.

### Ноторен факт

Околностите кои се појавуваат во одреден социјален круг, локација или друго место, како на пр. медиум, спортски настан, политички настан, одлуки и правни акти, книга, брошура итн. и кои се однесуваат на дискриминаторско дејство или однесување се сметаат за ноторни (општопознати) факти.

### Оформување став на Комисијата

Комисијата ќе ги разгледа и ќе одлучи во врска со постоењето дискриминаторско постапување со спроведување конкретни законски одредби со поддршка на реалните фактичката основа, односно клучните факти. Утврдената фактичката состојба треба да соодветствува со реалноста.

### Тестирање ситуација

Тестирање на ситуацијата е експериментален метод кој се користи во постапката за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба. Целта на овој метод е да се преслика одредена ситуација со дискриминаторски елементи.

### Документ како средство за докажување

Документите може да се користат како алатка во процесот на утврдување за дискриминација. Тие претставуваат материјален предмет каде што е изразено мислење, став, одлука итн.

### Сведочењето како средство за докажување

Во постапката на испитување на фактичката состојба важно место има и сведочењето на сведокот. Сведочењето е изјава на лицето во врска со перцепцијата на фактите за одредена ситуација или околност.

### Изјавата на странката како доказно средство

Фактички тврдења на странките со поткрепуваат со изјавите на странките. Преку изјавите, странките ги разјаснуваат своите тврдења. За Комисијата, странките претставуваат извор на информации за добивање на специфичните околности или ситуации.

### Показатели и статистички податоци како доказно средство

Во одредени случаи, Комисијата може да ги земе предвид индикаторите и статистичките податоци за да утврдува одредена политика или критериум кој прави исклучок, диференцијација или предност на одредена група во споредба со другите членови на групата.

### Улогата на Комисијата пред судските органи

Комисијата за заштита од дискриминација, во постапка за судска заштита од дискриминација, се појавува како трето лице, кое може да се замешува во случајот во постапка помеѓу тужителот и тужениот и се приклучува на едната странка, со цел да обезбеди помош за преземање на случајот во судот.

### Комисијата како замешувач

На сослушувањето во врска со тужбата, КЗД може да биде вклучена како замешувач од страната на лицето кое тврди дека бил дискриминиран, орган, организација, установа, здружение или друго лице, кое во рамките на својата дејност се занимава со заштита на правата на правична постапка, за чии права се решава во постапката. За учеството на замешувачите одлучува суд врз основа на одредбите на Законот за парничната постапка.

# I. КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА КАКО ЈАВНА ИНСТИТУЦИЈА И НЕЈЗИНАТА УЛОГА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Комисијата за заштита од дискриминација е основана со Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој е усвоен од страна на Собранието на Република Македонија на 8 април 2010 година (објавен во „Службен весник на РМ", бр. 50/2010 од 13.04.2010).

Според истиот, Комисијата за заштита од дискриминација се воспоставува како централен национален авторитет за спречување и заштита од дискриминација, како и за афирмација и промоција на еднаквоста, недискриминацијата и толеранцијата.

Комисијата за заштита од дискриминација е јавно правно лице кое гарантира ефективна заштита од дискриминација и која било форма на однесување што поттикнува дискриминација во земјата, како во јавниот така и во приватниот сектор. Комисијата ќе го воспостави нејзиниот став за ситуациите поднесени во постапка, на начин што донесува мислење во врска со наводното дискриминаторско постапување, препорачувајќи го и начинот на избегнување на прекршувањата на правото.

Комисијата е институција повеќе со елементи на административното тело и за утврдувањето дискриминација остварува постапка повеќе со елементи на управната постапка. Ова значи дека е орган со административна надлежност.

Комисијата во вршењето на работите од својата надлежност презема мерки и дејствија кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација, промоција и едукација, како и афирмација на принципот на недискриминација и еднаквост.

## I.1. УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

### I.1.1. Заштитна функција

Со надлежноста на Комисијата да постапува по претставки за наводната дискриминација, се остварува заштитната функција, односно соодветната помош и заштита на лицата кои поднеле индивидуална претставка за наводна дискриминација, преку давење на мислење и препораки, информации за покренување судска или друга постапка за заштита, покренување иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи, поради сторени повреди на овој закон (пр. прекршочна кривична постапка и др.).

### I.1.2. Промотивна функција

Промотивната функција Комисијата ја остварува преку активности на промоција и едукација на еднаквоста, човековите права и недискриминацијата, подигнување и јакнење на свеста на граѓаните за препознавање на проблемот на дискриминација, информирање на јавноста за механизмите за заштита од дискриминација и сл.

### I.1.3. Советодавно–едукативна функција

Комисијата советодавната функција ја остварува преку давање препораки на државните органи за преземање мерки за еднаквост, мислења по предлози на закон од значење за заштита од дискриминација, иницира измени на прописи заради унапредување на заштита од дискриминација.

За спроведување на оваа надлежност, Комисијата треба да организира трибини, семинари да врши надзор и консултации за хармонизација со легислативата на законодавството на ЕУ.

### I.1.4. Истражувачка функција

Истражувачката функција Комисијата ја остварува преку спроведување студии, истражувања и обуки за недискриминација, прибирање статистички и други податоци, водење база на податоци за случаи на дискриминација (по основ, облик -директна/ индиректна дискриминација, област и слични статистички елементи). Оваа функција на Комисијата е значајна за добивање податоци за случаи на дискриминација, како и за креирање реална слика за проблемот на дискриминација во нашето општеството.

### I.1.5. Меѓуинституционална соработка

За реализирање на своите надлежности и за размена на искуства од доменот на дискриминацијата, неминовно се налага потребата од соработката на Комисијата со државните органи надлежни за остварување еднаквост и заштита на човековите права во локалната самоуправа, како и соработката со Народниот правобранител на Република Македонија поради постоечкиот судир на надлежности, кој треба да се реши во согласност со најдобрите меѓународни практики. Исто така, остварувањето соработка и размена на искуство и добри практики со меѓународните тела за еднаквост е од особено значење за растењето на Комисијата во вистинска институција.

# II. НАДЛЕЖНОСТИ И ЗАДАЧИ НА КЗД СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Согласно новиот Закон за заштита и спречување од дискриминација, главните надлежности на КЗД се:

- да постапува по претставки, како и да носи мислења и препораки по истите;
- да им дава информации за правата на поднесувачите на претставки, како и за можностите за покренување судска или друга постапка за заштита;
- да покренува иницијатива за поведување постапка пред надлежните органи за повреди сторени на Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- да поднесува годишен извештај на Собранието на РМ;
- да ја информира јавноста со случаите на дискриминација и да презема активности за промоција и едукација за еднаквоста, недискриминацијата и човековите права;
- да го следи спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација, да иницира измена на прописи заради спроведување и унапредување на заштитата од дискриминација;
- да воспоставува соработка со органите надлежни за остварување еднаквост и заштита на човековите права на локалната самоуправа;
- да им дава препораки на државните органи за преземање мерки за остварување на еднаквоста;
- да дава мислења по предлози на закони од значење за заштита од дискриминација;
- да прибира статистички и други податоци, да формира бази на податоци, да спроведува студии, истражувања и обуки во врска со дискриминацијата;
- да соработува со соодветни национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на заштита од дискриминација;
- да донесува деловник за работа, како и други акти за внатрешна организација на работата.

## II.1. Давање информации за заштита на правата на подносителот на претставката

Комисијата за заштита од дискриминација како своја законска обврска има на подносителот да му даде информации со кои ќе го запознае со своите

права, како и можности за покренување судска или друга постапка за заштита. Преку ваквиот начин на комуникација помеѓу подносителот и КЗД, се покренува нивото на информираност кај граѓаните, отворено согледување на можностите со кои истите можат да ги остварат своите права заштитени со закон. При секоја доставена претставка, претставник на Комисијата е во контакт со поднесувачот на истата, при што го информира за правата заштитени со Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и за други информации кои се од корист за поднесувачот во конкретниот пример.

Доколку по поднесена претставка се утврди дискриминација од страна на Комисијата за заштита од дискриминација, истата дава мислење, како и препорака за отстранување на повредата на правото. Ако потенцијалниот дискриминатор не ја отстрани повредата на правото во дадениот законски рок, Комисијата за заштита од дискриминација може да покрене иницијатива за поведување постапка пред надлежен орган за утврдување на одговорноста на лицето на кое е упатена препораката. Комисијата, покрај тоа што носи мислење и дава препорака, на жртвата на дискриминација ѝ го посочува начинот на судска заштита на повредените права преку поднесување тужба за утврдување дискриминација до надлежниот суд. Што се однесува до улогата на Комисијата во самата постапка пред надлежниот суд, мислењето кое истата го носи ѝ служи на жртвата на дискриминација како доказ во истата.

## II.2. Комисијата за заштита од дискриминација во улога на замешувач

Комисијата за заштита од дискриминација во постапка за судска заштита од дискриминација се појавува како трето лице, кое може да се замешува во случајот во постапка помеѓу тужителот и тужениот и се приклучува на едната странка, со цел да обезбеди помош за преземање на случајот во судот.

Комисијата има такво право доколку една конкретна странка има правен интерес да иницира постапка. Одлуката на судот има директно влијание во напредокот на институционална заштита од дискриминација, што претставува основна предметна надлежност на Комисијата за заштита од дискриминација. Посредувањето во судски процес за Комисијата претставува дополнителен товар.

Судот во врска со постоењето на правниот интерес за замешување се грижи по службена должност. Комисијата за заштита од дискриминација кога ќе прикаже интерес да се замешува во одредена судска постапка треба да даде изјава за замешување. Овозможувањето на замешување судот го прави со одлука. Судот ќе овозможи учество на замешувачот, само со дозвола на лицето кон кое сака да се приклучи Комисијата. Против одлуката со која судот му овозможува замешување на Комисијата во судскиот процес, не е дозволено поднесување посебна жалба.

Комисијата има овластување да ѝ помогне да странката на која се приклучува. Таа може да поднесе предлози и извршува и други процедурални

дејствија, но неговите процедурални постапки не се од клучно значење во однос на процедуралните дејствија на странката на која таа се приклучува. Комисијата има својство на помошник. Таа е обврзана да го прифати судскиот процес во таа состојба што била во моментот на замешувањето и нема право да бара повторување на активностите кои се спроведувале пред нејзиното замешување. Во сите развојни фази на судската постапката Комисијата не може да биде испрашувана како странка. Таа нема својство на странка. Врз основа на овој факт, Комисијата може да го напушти судењето во која влегла како замешувач без да има какви било последици за себе. Направените трошоци за учество во судење, Комисијата ги сноси самата за себе и во никој случај не може да биде товарена за надоместување на трошоците во спротивната странка на процесот на спорот.

На сослушувањето во врска со тужбата може да биде вклучена како замешувач од страната на лицето кое тврди дека бил дискриминиран, орган, организација, установа, здружение или друго лице, кое во рамките на својата дејност се занимава со заштита на правата на правична постапка, за чии права се решава во постапката. За учеството на замешувачите одлучува суд врз основа на одредбите на Законот за парничната постапка.

Комисијата за заштита од дискриминација е обврзана по службена должност да избегне непотребно удвојување на институционалните активности ако за истото прашање е поднесена тужба во судот. За Комисијата значи дека во конкретниот случај странката е таа што го има врзано нејзиниот случај со одредениот суд со што го консумирала правото на избор за барање институционална заштита помеѓу Комисијата и судот.

Ако го земеме предвид Законот за спречување и заштита од дискриминација на Република Македонија, можеме да кажеме дека Комисијата ќе биде лишена од правото и обврската да постапува во одредените случаи, доколку пред судот се бара правна заштита поднесена во една од формите наведени во член 36 од Законот.

## II.3. Поднесување годишен извештај до Собранието на Република Македонија

Комисијата за заштита од дискриминација, односно нејзините членови ги именува Собранието на Република Македонија. Согласно законската надлежност, Комисијата поднесува годишен извештај до Собранието на Република по однос на сработеното во текот на изминатата година. Овој годишен извештај содржи конкретни информации, пред сè статистички со кои би се согледала реалната слика за тоа кој е степенот на промена на претходната состојба, реализираните активности, конкретни недостатоци кои придонеле за неможност на постигнување одредени цели, како и предизвици за подобрување и напредок на полето на заштитата од дискриминација.

## II.4. Информирање на јавноста за случаите на дискриминација и преземање активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата

Суштинската активност, односно корпусот на активности кои ги извршува Комисијата, имаат за цел подигнување на јавната свест за постоењето, проблемот, како и потребата од спречување и заштита од дискриминација. Исто така, согласно член 18 од Деловникот за работа на Комисијата, освен заштитната, Комисијата извршува и промотивна функција, преку активности за промоција и едукација за еднаквоста, човековите права и недискриминацијата, подигнување и јакнење на свеста на граѓаните за препознавање дискриминација, како и преку информирање на јавноста за механизмите за заштита од истата.

Дејствувањето преку оваа активност на Комисијата е од особено значење, пред сѐ промоцијата на механизмот за заштита од дискриминација, не само како институција која ќе постои како таква, туку истата ќе биде од акција и дејствување на полето на заштитата од дискриминација. За таа цел Комисијата презема низа активности со кои би ја запознала јавноста со концептот на недискриминација, споделување конкретни примери за дискриминација на кои Комисијата работела и работи, како и исходите кои произлегле од реализацијата на истите. Преку дебатни тв и радиоемисии, трибини, работилници, одбележување меѓународни денови, како и преку соопштенија до сите електронски и печатени медиуми, Комисијата е во акција на дејствување и остварување на својата мисија. Во соопштенијата до медиумите секогаш е наведена потребата за почитување, толеранција и свесност за проблемите со кои се соочуваат сите дискриминирани личности, луѓето кои спаѓаат во одредени општствени маргинализирани групи, со што, пак, се зголемува свеста на граѓаните за постоењето и сериозноста на тие проблеми, како и потребата од нивно препознавање и решавање. Покрај тоа, Комисијата исто така, преку дневните вести на телевизиите, ги информира граѓаните за работилниците кои ги организира, како и за целта на истите, со што се придонесува за информирање на јавноста и подигнување на јавната свест за проблемот на дискриминација.

Во контекст на оваа надлежност Комисијата изработи двојазични брошури, на македонски и на албански јазик. Брошурите имаат функција на запознавање на граѓаните со Комисијата, како и нејзино приближување до нив. Во нив, на лесно разбирлив начин, се наведени основните информации потребни за идентификување дискриминаторско однесување, начини на заштита на своите права при дискриминаторско однесување, начин на обраќање на граѓанинот до Комисијата, како и податоци за постапката која ја презема Комисијата за утврдување дискриминација.

Комисијата за заштита од дискриминација во однос на информирање на јавноста со конкретни случаи на дискриминација ги објавува сите случаи и донесени мислења на својата веб-страница, како и сите актуелни активности кои ги спроведува и кои носат одредена порака до јавноста. На интернет-страницата се наоѓаат и основните документи на Комисијата, како што се Законот за спречување и заштита

од дискриминација, Поимникот на изразите поврзани со дискриминацијата, Деловникот за работа на Комисијата за заштита од дискриминација, како и примерок од претставка, која граѓаните можат да ја симнат од страницата и да ја пополнат електронски.

### II.5. Одржување база на статистички и други податоци, спроведување студии и истражувања

Со цел распознавање на трендовите во општеството, застапеноста на формите на дискриминација и областите во кои истата најмногу се врши, како и со цел подетална и фокусирана акција за спречување и заштита од дискриминација, од фундаментална важност за Комисијата за заштита од дискриминација е базата на податоци, како централен национален систем, од кој Комисијата ги црпела потребните податоци. Преку оваа база на податоци, КЗД е во можност да прибира статистички податоци со кои може да се согледа реалната слика за општеството и моменталната состојба на истата во поглед на дискриминацијата. Иако КЗД е сѐ уште релативно младо тело со активно работење од три години, сепак резултатите и податоците кои ги има сублимирано се огледало на почетната состојба со проблемот на дискриминација во општеството, како и предизвик за понатамошно активно работење и подобрување на самата состојба.

### II.6. Соработка со другите надлежни институции за заштита на човековите права на локално, на национално и на меѓународно ниво

Соработката со органите надлежни за остварување на еднаквоста и заштитата на човековите права на локално, на национално и на меѓународно ниво претставува примарен интерес на Комисијата за заштита од дискриминација.

Комисијата остварува соработка со институциите на локално ниво преку преземање на разни активности во доменот на заштитата од дискриминација. Нивото на соработка сѐ повеќе се зголемува преку средби со локалната власт, преку организирани работилници на кои Комисијата го шири концептот на недискриминација и еднаквост, како и промотивно дејствува со тоа што на самите настани ја нагласува потребата од заемно вложување за да може да се поткрене информираноста и свесноста на граѓаните за поимот дискриминација како и заштитата од истата, а наедно и запознавање на Комисијата во функција на механизам за заштита. Овие работилници овозможуваат воспоставување нови канали на соработка помеѓу КЗД и комисиите за еднакви можности на жените и на мажите, кои се во рамките на локалната самоуправа, како можност за размена на идеи и искуства.

Преку остварените средби на локално ниво, Комисијата има можност да ја доближи својата работа до граѓаните, да овозможи поедноставување поднесок на претставка, олеснителност на граѓаните во однос на добивање информации и запознавање со своите права, како и можноста за заштита на истите.

Соработка и размена на искуства Комисијата остварува и на национално ниво, преку обуки, работни средби кои резултаат пред сè со информираност на овие институции за работата на Комисијата, за постоечки проблеми врзани за дискриминација кои го засегаат општеството, за кои е потребно заемно дејствување и активна соработка за нивно надминување или на некој начин балансирање на состојбата. За таа цел Комисијата склучи исклучително важни стратешки партнерства со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и со Македонскиот центар за меѓународна соработка со чија помош и поддршка КЗД ќе постигне остварување поголем дел од приоритетите за работа.

Исто така се потпишаа и два меморандуми за соработка со Комисијата за еднакви можности на мажите и на жените, како и со Академијата за судии и јавни обвинители. Во контекст на соработката со институуциите на национално ниво, КЗД соработува и е во постојана комуникација со Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Македонија, со Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, со Комитетот за односи меѓу заедниците и со други институции.

Комисијата за заштита од дискриминација својата меѓународна соработка ја остварува преку студиски посети со размена на искуства и практики со неколку земји, меѓу кои Република Ирска, Бугарија, Шведска, Белгија и др. Меѓутоа најважно е да се спомене дека КЗД во 2012 стана членка на Европската мрежа на телата за еднаквост – ЕКУИНЕТ (EQUINET - European network of equality bodies), со што соработката на меѓународно ниво е значително развиена. Преку учество на семинари, обуки, работни средби кои ги организира ЕКУИНЕТ, Комисијата е во позиција на стекнување нови искуства, позитивни практики, согледување на вистинските проблеми во Европа од обласа на дискриминацијата, како и споделување искуства од својата земја.

## II.7. Соработка со други институции во процес на решавање конкретен случај на дискриминација

Согласно член 31 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за заштита од дискриминација има овластување на нејзино барање да добие податоци за конкретни случаи на дискриминација од сите физички и правни лица, од државни органи, од органи на единиците на локалната самоуправа, од други органи и организации кои вршат јавни овластувања, како и од јавни установи и служби.

Доколку постои сомнеж за дискриминација по однос на претходно разгледаната претставка, Комисијата отпочнува со постапување по истата, со тоа што се обраќа до наводниот дискриминатор, за да се произнесе истиот по наводите во самата претставка. Паралелно со барањето за одговор од наводниот дискриминатор, Комисијата се обраќа до сите релевантни институции, правни лица и/ или поединци кои можат на каков било начин да придонесат кон точното

утврдување на фактичката состојба.

Што се однесува до методите преку кои Комисијата доаѓа до информациите кои ѝ овозможуваат да донесе правилно мислење, тие не се ограничени на чисто институционалните, односно обраќање по писмен пат до соодветните институции, правни и физички лица, туку тие вклучуваат и вршење увид на „лице место", вршење разговори со конкретните замешани страни, вршење увид во архиви со цел утврдување на постоење дискриминација, обраќање до надлежните инспекторати со цел вршење соодветни инспекции итн.

Согласно член 33 од Законот за спречување и заштита од дискриминација Комисијата соработува со Народниот правобранител за конкретни случаи на дискриминација, со што доколку во претставката подносителот наведува дека покрај тоа што се обраќа до Комисијата паралелно се има обратено и до Народниот правобранител, Комисијата го известува НП за конкретниот случај со што добива конкретни информации за поднесениот предмет.

Оваа соработка е обострана, имено доколку до НП е поднесена претставка во која се наведува дека подносителот се има обратено до КЗД, НП преку писмено барање се информира за предметот, како и за ставот кој КЗД го има заземено по однос на конкретниот предмет.

## II.8. Донесување акти

### II.8.1. Деловник за работа и стратегија на КЗД

Комисијата за заштита од дискриминација во доменот на својата надлежност изработи деловник за работа според кој е уреден деталниот процес на работата на Комисијата. Имено, преку овој акт се дадени општи одредби за Комисијата, седниците и начинот на водење на истите, текот на постапката и начинот на работата, јавност во работата на Комисијата, соработката со други институции, како и опис на други слични активности кои се во доменот на работата.

Покрај деловникот за работа, Комисијата има изготвено и стратешки план. Во овој акт е даден преглед на приоритетите кои Комисијата за заштита од дискриминација има за цел да ги оствари, опис на визијата и мисијата на ова тело, методите на работа за постигнување на целите. Исто така опфатени се анализата на проблемите, спецификите на КЗД, нејзините вредности, надлежности, предложени пристапи кои ќе го овозможат решавањето конкретни приоритети, соработка, внатрешна организација и сл.

# III. ВНАТРЕШНА ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## III.1. Работењето на Комисијата

### III.1.1. Стручна административна служба

Членот 33 од Деловникот се однесува на стручно-административна служба во кој е наведено дека: „За вршење на стручните, административните и техничките работи, Комисијата формира стручна служба. Стручната служба ќе биде сместена во просториите на Комисијата, каде ќе има стручно лице кое ќе биде одговорно за прием на претставките, за нивно заведување и за прием на странки. Приемот на претставките и на странките е секој ден од 09:00 часот до 16:00 часот“.

Организацијата и начинот на работа на стручната служба се уредува со општ акт. За остварувањето на работите од својата надлежност, Комисијата може да формира и работни тела и внатрешни повремени или постојани комисии.

Членовите на Комисијата и вработените во стручната служба имаат службени легитимации издадени од страна на Комисијата.

И покрај вака наведената одредба од Деловникот, во Комисијата сè уште нема формирано стручна административна служба поради непостоење законска основа за нејзино формирање, од прична што во Законот за спречување и заштита од дискриминација е наведено дека стручно-административните и техничките работи на Комисијата ги врши Комисијата. Ваквата законска поставеност преставува пречка за формирање стручна служба, но сепак Комисијата како правно лице изнаоѓа начини за ангажирање административни лица преку проекти или преку лица кои со овластување на Министерството за труд и социјална политика ги вршат административните потреби на Комисијата.

Основните начела на организацијата, постапката на работа, начинот на распределување на предметите и работата на седниците на Комисијата за заштита од дискриминација, како и други прашања значајни за работата на Комисијата, се уредени со Деловникот на Комисијата, кој е донесен врз основа на член 24 точка 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. весник на РМ бр. 50 од 13.04.2010) на седницата на Комисијата за заштита од дискриминација одржана на ден 30.06.2011 година. Со примената на Деловникот се обезбедува правилно, уредно и навремено вршење на работите од надлежност на Комисијата за заштита од дискриминација.

Во постапката пред Комисијата службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Во постапката пред Комисијата службен јазик е и

јазикот којшто го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните и неговото писмо како што е определено со закон и со овој деловник.

Одредбите од Законот за општа управна постапка кои се однесуваат на употреба на јазиците соодветно се применуваат и во постапката пред Комисијата, со што секое лице во комуникацијата со Комисијата може да употреби еден од службените јазици и неговото писмо, а Комисијата одговара на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службен јазик и писмо што го употребува подносителот на претставката.

### III.1.2. Седници на Комисијата

Комисијата ја претставува претседателот. Седниците на Комисијата ги свикува претседателот по сопствена иницијатива. Седниците се свикуваат еднаш месечно. Седница на Комисијата може да се свика и по писмен образложен предлог од страна на еден член на Комисијата. Претседателот на Комисијата по приемот на писмениот предлог од членот на Комисијата најдоцна во рок од три дена е должен да свика седница на Комисијата. Дневниот ред со материјалите се доставуваат три дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на Комисијата го предлага претседателот на Комисијата или предлагачот на седницата, а го утврдува Комисијата на почетокот на седницата, со четири (4) гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

Секој член на Комисијата може и по свикувањето на седницата, како и на самата седница, до утврдувањето на дневниот ред, да предложи дополнителни точки на дневниот ред. Со седницата на Комисијата претседава претседателот на Комисијата. Во одсуство на претседателот, со седницата ќе претседава претседавач. Претседавачот ќе биде предложен од претседателот на Комисијата и ќе има посебно овластување за водење на седницата. Седницата ќе се одржи ако има присутни повеќе од 4 членови на Комисијата.

На седниците на Комисијата можат да присуствуваат и домашни и странски експерти и научни стручни институции од кои може да се побара стручно мислење, само доколку бидат поканети на седницата, од страна на претседателот на Комисијата.

Седницата на Комисијата започнува со работа во закажаниот термин со присутни членови. Претседателот утврдува дали на седницата присуствуваат мнозинство членови потребни за полноважно одлучување на Комисијата. Претседателот ги известува за тоа кој е поканет да присуствува на седница на Комисијата.

Од досегашната пракса на Комисијата се покажа дека можноста на Комисијата за учество на седниците на домашни и на странски експерти е многу корисно за работењето на Комисијата за размена на искуства и толкување одредени спорни работи.

Она што е интересно за работењето на Комисијата е тоа што во своето работење Комисијата прави разграничување помеѓу седниците на Комисијата кои се одржуваат најчесто еднаш месечно на кои Комисијата расправа за значајни настани, заземање ставови за определени дискриминаторски изјави и појави, учество на проекти и присуство на странски и на домашни експерти и работните средби на Комисијата  кои се одржуваат еднаш неделно на кои се расправа за тековните работи, за актуелните прашања поврзани со работата и претставувањето на Комисијата, за поднесените претставки и за донесените мислења, за присуството на седниците и на работните средби на странски експерти и други лица од кои може да се побара стручно мислење.

### III.1.3. Работните средби на Комисијата

Работните средби на Комисијата се одржуваат еднаш неделно - секој четврток.

Со работните средби на Комисијата претседава претседателот на Комисијата. Во отсуство на претседателот, со средбата претседава претседавач. Претседавачот ќе биде предложен од претседателот на Комисијата и има посебно овластување за водење на седницата.

На работните средби се расправа за тековните работи, за актуелните прашања поврзани со работата и претставувањето на Комисијата, за присуството на седниците и на работните средби на странски експерти и други лица од кои може да се побара стручно мислење.

Работните средби ќе се одржуваат ако присуствуват повеќе од 4 членови од Комисијата. На работните средби членовите на Комисијата можат да дадат предлози, да донесат заклучоци, одлуки, мислења, да одлучат по барања да дадат информации. За работата на седницата и на работната средба на Комисијата се води записник. Пред утврдување на дневниот ред, се усвојува записникот од претходната седница или од работна седница. Записникот ги содржи основните податоци за работата на седницата,  или на работната средба, на предлозите што се поднесени и заклучоците што се усвоени во врска со прашањата од дневниот ред. Секој член на Комисијата може да стави забелешки на записникот и да бара во него да се извршат соодветни измени и забелешки.

Во записникот по барање на членот на Комисијата треба да стои и издвоено мислење. За издвоеното мислење на членовите на Комисијата не се води расправа. Претседателот на Комисијата констатира дека е усвоен записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот на кој се ставени забелешки.

Усвоениот записник го потпишува претседателот или претседавачот на седницата ако претседателот е отсутен. За изготвувањето на записниците и за чувањето на оригиналите на записниците од седниците на Комисијата се грижи стручно лице определно од Комисијата.

Расправата по прашањата се врши според утврдениот дневен ред. На почетокот на расправата по секое прашање од дневниот ред членот на Комисијата, односно задолжениот член по односниот предмет дава мислење и образложение или појаснувања за предметот.

По образложението или појаснувањето учество можат да земат и другите членови на Комисијата. Расправата по одредени прашања, односно предмети трае додека има пријавени за дискусија од членовите на Комисијата.

Претседателот на Комисијата констатира дека расправата е завршена кога ќе утврди дека нема повеќе пријавени за дискусија.

Во текот или до завршувањето на расправата, Комисијата може да одлучи прашањето, односно предметот за кој се расправа да го одложи заради дополнителни консултации со стручни лица.

Комисијата може да одлучува ако на седницата и на работната средба присуствуваат пет (5) од вкупно 7 членови на Комисијата.

За усвојување на одлуките, заклучоците, предлозите, мислењата за претставките и други акти кои ќе ги носи Комисијата, потребно е 4 гласови од вкупниот број на гласови на Комисијата. Гласањето на Комисијата се врши јавно. Секој член на Комисијата има право на издвоено мислење.

И покрај можноста за издвоено мислење, во досегашната пракса на Комисијата не е забележан податок или записник во кој стои издвоено мислење од определен член на Комисијата.

## III.2. Постапување по претставки

Текот на постапката и начинот на работата на Комисијата по поднесените претставки опфаќа:

- прием и обработка на претставките;
- упис на примените претставки, формирање предмет и негово внесување во системот на податоците;
- распоредување на предметите на членовите на Комисијата;
- постапување по предметите;
- административно-техничка обработка на предметите;
- достава на писмената;
- архивирање, чување и достава на предметите.

### III.2.1 Поднесување претставка

Претставка до Комисијата може да поднесе секој граѓанин (лично или преку полномошник) писмено, усно на записник или во друга форма (телефакс, или по електронска пошта). За усно поднесената претставка се составува службена белешка.

Претставката треба да биде потпишана, да содржи лични податоци за подносителот и да ги содржи околностите, фактите и доказите со кои располага и кои се достапни, а врз кои се темели претставката. Во претставката треба да биде наведен субјектот (правен или физички) на кој се однесува претставката, како и да се наведе дали подносителот вложил правни средства, кои средства и каде претходно се обратил. Анонимните претставки не се разгледуваат. Подносителот на преставката е ослободен од плаќање судска такса.

За потребите на граѓаните, Комисијата има изработено образец-претставка кој е достапен за граѓаните и се наоѓа на веб-страницата на Комисијата (прилог образец).

### III.2.2. Обработка на добиените претставки

Поднесените претставки се примаат и заведуваат во Комисијата според редоследот на пристигнувањето. Во уписникот во кој се заведуваат се заведува бројот, денот и часот на приемот на претставката. За примените претставки се води и азбучник според личното име и називот на подносителот. Секој член на Комисијата има реден број од еден до седум и претставките се распоредуваат според нивните броеви.

Ако некој член на Комисијата не може да постапува по претставката која му е доделена поради конфликт на интереси, претседателот на Комисијата одлучува кој ќе постапува од другите членови.

Со претставката лицето ги поднесува фактите и доказите со кои располага и од кои може да се утврди актот или дејствието на дискриминацијата. Доколку претставката е неразбирлива и не ги содржи потребните факти и докази, Комисијата од подносителот на претставката ќе побара истата да ја појасни и дополни во рок од 15 дена.

**Според Деловникот за работа, КЗД може** да не покрене постапка, да покрене постапка или да ја прекине постапката**.**

### III.2.3. Покренување постапка

Комисијата нема да покрене постапка:

- ако е очигледно дека нема повреда на правото на кое поднесува чот се повикува, ако не постои некоја од дискриминаторските основи наведена во член 3 од Законот;
- ако во истата работа веќе постапувал, а не се понудени нови докази и факти;
- ако рокот за поднесување на претставката е истечен;
- ако утврди дека поради истек на времето од направената повреда на правото, не е можно да се постигне целта на постапката;
- ако претставката е анонимна.

Комисијата ќе покрене постапка:

- ако претставката е поднесена во рок од три месеци од денот кога била сторена повредата или најдоцна една година од дознавање то на актот на дискриминација;
- по истекот на рокот доколку оцени дека се работи за случај од таква важност за кој би било неопходно и целисходно да се води постапката, односно ако дејствието на  повредата сѐ уште трае;
- ако претставката содржи факти и докази од кои може да се прет постави дека е сторена дискриминација.

Комисијата ќе ја прекине постапката:

- ако во текот на постапката се утврди дека за истата работа е по ведена постапка пред суд ако одлучувал и судот и е донесена правосилна судска постапка;
- ако  тужбеното барање од страна на судот е одбиено како неос новано.

Во периодот од 2011 до крајот на 2013 година, КЗД има покренато постапка по вкупно 218 претставки. Во овој период, КЗД во еде дел од нив има утврдено дискриминација особено во областа на работните односи, потоа во областа на образованието, науката и спортот, во областа на пристапот до добра и услуги како и во областа на правосудството и управата. Во неколку случаи КЗД одлучила да ја прекине постапката заради спогодбено помирување.

При постапувањето на претставките, Комисијата од заинтересираните страни е должна да ги прибави сите факти и докази што се од суштествено значење

за одлучување по претставката. Комисијата во текот на постапката по претставката е должна да ја почитува приватноста и тајноста на податоците.

Кога Комисијата ќе констатира дека со некој акт или со некое дејствије некое лице е дискриминирано, донесува мислење, препорака и укажување за начинот на отстранување на констатираната повреда.

Препораката за отстранување на повредата е задолжителна, за лицето на кое се однесува. Ако лицето на кое препораката е упатена не постапи, односно не ја отстрани повредата на правото, Комисијата може да покрене иницијатива за поведување постапка пред надлежен орган за утврдување на негова одговорност.

Комисијата, кога тоа е можно, во текот на постапката се залага за спогодбено решавање на предметот, што е особено значајно во случаи каде е утврдена дискриминација во работните спорови. Со спогодбеното решавање на предметот, постапката по предметот се смета за завршена. Спогодбеното решавање на Комисијата ја истакнува улогата на Комисијата како замешувач, со што им олеснува на страните во изнаоѓање поволно решение за двете вклучени страни, отстранување на дискриминаторските појави, а секако сето ова придонесува и за побрзо решавање на спорот, избегнување на долгите судски постапки и трошоците предизвикани од водењето на судските постапки.

Комисијата во текот на постапката, по барање на подносителот на претставката, може да му дозволи увид во предметот и да му даде копија од одговорот добиен од органот или лицето на кое била доставен претставката.

## III.3. Утврдување и докажување дискриминација

Комисијата за заштита од дискриминација ја утврдува дискриминацијата врз основа на фактичката состојба. Фактичка состојба е збир на факти кои се од клучно значење за основата на иницијативата за утврдување дискриминација. Фактичките тврдења претставуваат која било околност, која законските одредби ја поврзуваат со одредено својство. Значи околностите се настани кои се случиле или кои постојат актуелно. Во постапката за утврдување дискриминација Комисијата го потврдува постоењето на фактите кои се значајни за донесување одлуки. Комисија нема да биде поврзана со фактот кој може да го поднесат странките доколку според мислењето на Комисијата тоа нема никаков ефект врз земањето став во однос на дискриминацијата.

### III.3.1. Потврдни факти

Комисијата ги зема предвид констатираните и потврдните факти. Тие Комисијата ќе успее да ги утврдува од самиот поднесен одговор за дискриминација и изјавите на другите лица кои имаат познавање одредена фактичка основа. Комисијата при комуникацијата на претставката за дискриминација од друга странка, на некој начин ѝ поставува прашања дали ги прифаќа или ги отфрла тврдењата на странката која тврди дека е дискриминирана. Со одговорот на поднесената претставка за дискриминација странката може експлицитно да се изјасни во однос на сите тврдења на странката која има поднесено иницијатива за започнување на постапката за утврдување дискриминација. Тоа не значи дека секогаш се случува тоа. Може да се случи странката и да не се спротивстави точно на тврдењето за предизвикување дискриминација. Комисијата во овој случај е во потешка позиција, затоа што треба да процени дали е утврдено или одбиено тврдењето на спротивната странка. Тоа се остварува преку слободна процена на Комисијата. Тврдењето на фактичката состојба од спротивната странка може да биде делумно и нецелосно, како што може да биде и негирање на фактичкото тврдење. Во овие случаи, Комисијата ја оценува ситуацијата дали исказот одговара или не на фактичката состојба. Тврдењето на еден факт од странката за Комисијата има значење на изјава за познавање одредени околности со која се прифаќа точноста на податоците добиени од другата странка.

### III.3.2. Ноторни факти

Околностите кои се појавуваат во одреден социјален круг, локација или друго место, како на пр. медиум, спортски настан, политички настан, одлуки и правни акти, книга, брошура итн. и кои се однесуваат на дискриминаторско дејство или однесување се сметаат за ноторни (општопознати) факти. Овие факти не е потребно да се докажуваат од страна на Комисијата. Важно е да се напомене дека за да се смета одредена околност како ноторен факт, потребно е таа околност да биде позната од страна на членовите на Комисијата.

Ноторните факти претставуваат основа за развојот на постапката за утврдување дискриминација по службена должност. Во овој контекст, важни се факти кои ѝ се познати на Комисијата од активностите кои таа ги презема во рамките на своите надлежности и фактите кои комисионерите ги знаат приватно. Таквите факти комисионерите им ги доставуваат до Комисијата и тука се проценува постоењето основа за поведување постапка. Значи и овие два вида факти служат како основа за поведување постапка за утврдување дискриминација по службена должност.

### III.3.3. Оформениот став на комисијата

Комисијата ќе ги разгледа и ќе одлучи во врска со постоењето дискриминаторско постапување со спроведување конкретни законски одредби со поддршка на реалната фактичка основа, односно клучните факти. Утврдената фактичка состојба треба да соодветствува со реалноста. Активностите на Комисијата се насочени кон откривање на вистината во однос на клучните факти. Вистината е суштински услов во текот на постапката и одлучувањето. Резултатите од разгледаните докази се проценуваат слободно. Фактичката состојба треба да ги вклучи сите околности кои влијаат на содржината на пресудата во врска со дискриминацијата.

Странката која започнала постапка за утврдување дискриминација, во контекст на фактичката состојба има активна улога од самото поднесување на претставката за дискриминација. Тоа ги претставува околностите кои се во нејзино познавање за материјалните факти. Комисијата има должност правилно да ја објасни фактичката состојба барајќи одговор од спротивставената странка во врска со тврдењата за нанесување дискриминација, како и од изјави на други лица.

Содржината на вистината Комисијата ја открива преку докажувањето. Тоа треба да соодветствува со убедувањето на Комисијата врз клучните факти и објективната ситуацијата.

### III.3.4. Тестирање на ситуацијата

Тестирање на ситуацијата е експериментален метод кој се користи во постапката за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба. Целта на овој метод е да се преслика одредена ситуација со дискриминаторски елементи. Тестирањето на ситуацијата се смета за една од полесните практики за утврдување дискриминација, на пример многу едноставно и лесно може да се заклучи дека на одредено лице со црна боја на кожата му е забрането да влегува во ресторан, додека за другите нема ниедна забрана. Значи, со тестирање на ситуацијата, во пракса се утврдува дека едно лице кое поседува посебни карактеристики не се третира исто како секое друго лице кое не ги поседува оние особини во слични/ исти услови или во споредливи ситуации.

Ова е тест-алатка која може да се рече дека има голема сила на докажување во процесот на утврдување дискриминација и со директно влијание врз подобрување на состојбите со дискриминаторски елементи.

Резултатите од тестирањето ситуација се блиску до реалноста и се фокусираат на реалноста. Резултатите не можат да бидат под влијание на субјективните однесувања на актерите на дискриминацијата или од саканите одговори на определените експоненти.

Во ситуациите каде што Комисијата ќе увиди потреба да се користи

тестирање, треба да се имаат предвид фазите на спроведување на постапката на тестирање. Значи, на почеток Комисијата треба да направи собирање информации, идентификување на случајот и проценување на потребата за спроведување на тестирањето. Потоа, потребно е да се направи изборот на парот кој ќе биде предмет на тестирање, кој има различни карактеристики. Не треба да има емоционална врска помеѓу учесникот во тестирањето и жртвата. По спроведувањето на тестирањето, Комисијата ги оценува и вреднува резултатите од тестот.

Тестирањето како доказно средство во постапката за утврдување дискриминација подлежи на документирана постапка, како:

а) протокол на тестирање;

б) записник од тестирањето (личен извештај на учесниците во тестирањето);

в) генерален извештај за тестирањето.

### III.3.5. Документите како средство за докажување

Документите може да се користат како алатка во процесот на утврдување дискриминација. Тие претставуваат материјален предмет каде што е изразено мислење, став, одлука итн. Оваа категорија на средства за докажување го вклучува кој било објект каде што се евидентирани или произнесени одредени политики, процедури и одлуки, правни акти, писма и разна преписка, ракописни или компјутеризирани забелешки, фотографии и снимки, книги, компјутерски дискови, е-пораки и други видови записи. Документот е ефикасен само ако доказите се автентични. Комисијата секогаш ја поддржува претпоставката дека документот е веродостоен додека не се докаже спротивното. Странката којашто ќе приговара на автентичноста на документот се обврзува на товарот на докажување на спротивното. Комисијата не навлегува во процената на сила на докажување на документот.

Документите може да ги поднесе странката која ја започнала постапката заедно со претставката. Документот го приложува на претставката и со ова ја поддржува нејзината постапка, односно барањето за утврдување дискриминација. Ако документот се наоѓа кај другата странка или кај друго лице, орган или институција, тогаш Комисијата ќе бара да се достави документот во прашање.

### III.3.6. Сведочењето како средство за докажување

Во постапката на испитување на фактичката состојба важно место има и сведочењето на сведокот. Сведочењето е изјава на лицето во врска со перцепцијата на фактите за одредена ситуација или околност. За Комисијата сведочењето се смета како општа граѓанска должност. Сведочењето на сведокот во писмена форма се доставува до Комисијата од странката која поднела претставка или во комплементарен начин, на ист начин и под исти услови тоа може да го стори и спротивната странка. Комисијата, исто така, може да комуницира директно со сведокот за да сведочи тој самиот, ако се има сознание за неговиот идентитет. Сведоштвото сведокот може да го даде и усно ако физички присуствува пред Комисијата.

За Комисијата сведочењето е едноставно добиена изјава од страна на лице кое е во позиција од која може да има сознанија од прва рака за она што се случило во конкретна ситуација.

### III.3.7. Изјавите на странките како доказно средство

Фактичките тврдења на странките се поткрепуваат со изјавите на странките. Преку изјавите, странките ги разјаснуваат своите тврдења. За Комисијата, странките претставуваат извор на информации за добивање специфични околности или ситуации. Комисијата не може да оформи целосен став, само врз основа на контрадикторните неубедливи изјави од странките ако тие не се придружени со други доказни средства.

Изјавите на странките како доказ се добиваат преку прашања кои им се поставени на странките во постапката. Постои можност Комисијата да поднесе прашања на само една странка ако сака да утврдува дека само таа е свесна за материјалните факти. Важно е да се напомене дека странките во постапката за утврдување дискриминација своите изјави ги даваат од употребата на процесни дејствија. Тој што тврди дека е дискриминиран, својата изјава за фактичката основа ја дава со претставката, додека спротивната странка преку одговорот на поднесената претставка. Комисијата може дополнително да побара изјави од странките кога ќе оцени дека тоа е неопходно за да се добие целосна слика на дадена ситуација.

### III.3.8. Показателите и статистичките податоци како доказно средство

Во одредени случаи, Комисијата може да ги земе предвид индикаторите и статистичките податоци за да утврдува одредена политика или критериум кој прави исклучок, диференцијација или предност на одредена група во споредба со другите членови на групата.

Индикаторите и статистичките податоци за Комисијата претставуваат прибрани, обработени и систематизирани податоци. Податоците во еден наративен извештај ќе ѝ овозможат на Комисијата да направи анализа на дискриминацијата во одреден сегмент. Показателите кои можат да бидат презентирани во табели, графикони и текстуални описи и др. претставуваат индикатор за процена на дискриминацијата во одредени области. Тие, исто така, може да послужат како база на податоци за следење на дискриминацијата во земјата, како и за креирање политики во борбата против дискриминацијата.

За да имаат ефект статистичките докази врз постапката за утврдување дискриминација, мора да ги исполнат научните стандарди и може да бидат користени во одредени ситуации. Преку статистичките анализи се извлекуваат квалитативни заклучоци за прикажаната дискриминација.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во законската рамка за спречување и заштита од дискриминација во Република Македонија речиси три години е во сила Законот за спречување и заштита од дискриминација. Мислењата и препораките на Комисијата за заштита од дискриминација почнаа да го заземаат своето место во контекст на формалните извори на правото во заштита на еднаквост и недискриминација. Исто така, една низа ставови на Комисијата за заштита од дискриминација добија својство на една современа доктрина, иако некои прашања за позицијата и односите на оваа комисија со органите на судската власт, Уставниот суд и други органи и институции на системот, претставуваат прашања без јасна определба, заради досегашното ниско ниво на меѓусебна соработка.

Во овој период од три години од работата на Комисијата за заштита од дискриминација се преземени бројни активности за подобрување на ефикасноста и ефективноста на работата на ова независно тело, како централен авторитет за спречување и заштита од дискриминација.

Мислењата и препораките на Комисијата за заштита од дискриминација почнаа да го заземаат своето место во контекст на формалните извори на правото во заштита на еднаквоста и недискриминацијата.

Една низа на ставови на Комисијата за заштита од дискриминација си добија својство на една современа правна доктрина, иако некои прашања за позицијата и односите на оваа комисија со органите на судската власт, Уставниот суд и другите органи и институции на системот, претставуваат прашања кои бараа одговор.

Овој временски период ни дава за право да констатираме дека за ефикасна работа не е доволно само добра законска основа, туку и добра внатрешна организација и дефинирана мисија и визија на едно тело.

За таа цел Комисијата за заштита од дискриминација спроведува повеќе активности под категоријата зајакнување на внатрешната организација. Најзначајните резултати се донесувањето на Стратешкиот план, Деловникот за работа на КЗД и Комуникациската стратегија на КЗД. Првиот документ претставува добра водилка за активностите кои треба да ги преземе Комисијата, а вториот ја прави постапката пред Комисијата појасна и ефективна.

Со Деловникот се уредени значајни прашања за внатрешената организација на Комисијата, но сепак постои можност за доуредување, кое ќе придонесе за зголемување на ефективноста на механизмот на заштита, како на пример таканаречениот „feedback“ (повратен резултат) или механизам на известување на лицата кои доставиле претставка дека истата е добиена, дека е започната постапката на претставка, но и за различните фази на постапката (на пример кога комисијата ја препраќа претставката до дискриминаторот за да добие докази за неговото однесување и сл.).

Понатаму, непостоењето служба оневозможува понатамошно јакнење на внатрешната организација на КЗД и особено остварување подобри резултати во однос на работата со специфични целни групи. Затоа, неопходно е да се реши проблемот на стручната служба на Комисијата. Ова исто така може да придонесе во намалување на временската обработка на преставките, прибирањето, доказите, примањето и доставата на материјали и слично.

Ограничениот буџет ја ограничува и можноста Комисијата да биде што поблиску до странката, односно територијално покривање на регионите со претставници на КЗД. Затоа, неопходна е буџетска поткрепа со која ќе се овозможи службеникот да биде кај странката, а не странката кај службеникот.

Одредувањето на односите на Комисијата со редовните судови, особено во случај кога се покренува судска кривична постапка или кога се донесува кривична пресуда е нерегулирано и непредвидено во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така односот на Комисијата за заштита од дискриминација спрема Уставниот суд претставува неексплицитно дефинирано прашање. Освен тоа и операционализацијата на постапката за прекршочна одговорност против сторителите на дискриминација не најде експлицитна дефиниција.

Во овој контекст, вреди да се спомене дека Комисијата за заштита од дискриминација, има институционализиран став дека во случаи кога може да постои сомневање дека судовите како институции на судската власт со своите одлуки предизвикале диференциран пристап кон субјектите кои се наоѓаат во исти околности и услови, Комисијата како орган со повеќе административни елементи нема да ги третира истите преку предвидената постапка за докажување дискриминација.

Односот на Комисијата за заштита од дискриминација спрема Уставниот суд исто така е прашање кое експлицитно не е дефинирано.

Операционализацијата на постапката за прекршочна одговорноста против сторителите на дискриминација нема експлицитна дефиниција.

Покрај овие прашања поврзани со работата на Комисијата за заштита од дискриминација, сѐ уште не може да се разговара за една судска пракса во Македонија во однос на правната заштита од дискриминација. Тоа што може да се каже во оваа фаза и во овој случај е постоењето на ставот за да се утврди активниот легитимитет за поведување постапка за судска заштита од дискриминација за да се вклучат и одредени институции и субјекти кои во нивниот делокруг експлицитно имаат спречување и заштита од дискриминација како во јавниот така и во приватниот сектор од една страна, додека од друга страна да се определат фигурите на штетата која може да биде предизвикана од страна на дискриминаторско постапување, за која може да се поднесува барање за надомест на штета.

Со цел понатамошно подобрување на работата на Комисијата за заштита од дискриминација, мислиме дека нашите напори во иднина треба да се насочат кон доуредување на некои односи, кое ќе придонесе за зголемување на ефективноста

на механизмот на заштита, како на пример таканаречениот механизам „feedback“ или повратна информација.

Тоа значи постојано известување на лицата кои доставиле претставка од моментот на добивање на претставката, моментот кога е започната постапката да се работи претставката и за сите други фази на постапката (на пример кога Комисијата ја препраќа претставката до дискриминаторот за да добие докази за неговото однесување и сл.).

Со ова сметам дека врз основа на досегашната позитивна пракса во работата на Комисијата, препораките дадени во ова излагање и суштествените промени кои може да се направат во работата на Комисијата за заштита од дискриминација ќе се постигне подинамичен, потранспарентен и препознатлив механизам за заштита и спречување дискриминација.

**Прилог**

**Образец на претставка која се поднесува пред КЗД за утврдување дискриминација**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Комисија за заштита од дискриминација**

бул. „Гоце Делчев“ б.б. (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје

тел. 02/3232-242

## П Р Е Т С Т А В К А

**<u>ВАЖНО</u>**: Од претставката која ни ја упатувате, копија ќе биде доставена до физичкото/правното лице, односно органот против кого ја поднесувате претставката.

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ**

1. **ИМЕ**: ______________________________________________________________________
2. **ПРЕЗИМЕ**: __________________________________________________________________
3. **НАЗИВ**:
   ______________________________________________________________________(доколку подносителот е правно лице)
4. **АДРЕСА/СЕДИШТЕ**: ______________________________________________________
   ______________________________________________________________________
   (доколку подносителот е правно лице)
5. **ПОЛ**: ____________________
6. **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ:** ___________________________
7. **ТЕЛЕФОН:** ___________________**Е-пошта:** ________________________________________

8. **ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ**: ______________________ (не е задолжителен податок)

9. **ДАЛИ ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА ВО ИМЕ НА ДРУГО ЛИЦЕ**: __________________

   (одговорете со ДА или НЕ)

10. **АКО ОДГОВОРОТ НА ПРЕТХОДНОТО ПРАШАЊЕ Е ПОТВРДЕН, НАВЕДЕТЕ ВО ЧИЕ ИМЕ ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА**:

    ____________________________________________________________________________

11. **ДАЛИИМАТЕСОГЛАСНОСТ ОД ЛИЦЕТО ВО ЧИЕ ИМЕ ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА**:

    _____________________ (одговорете со ДА или НЕ; доколку ДА, истата приложете ја)

**ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКОТО/ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ОДНОСНО ОРГАНОТ ПРОТИВ КОГО ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА**

1. **АКО ПРЕТСТАВКАТА СЕ ОДНЕСУВА НА ПРАВНО ЛИЦЕ/ОРГАН**:
   - **НАЗИВ**: ______________________________________________________________
   - **СЕДИШТЕ**: ____________________________________________________________
   - **ТЕЛЕФОН**: ____________________________
   - **ДАЛИ СТЕ ВРБОТЕН/А ВО ТОА ПРАВНО ЛИЦЕ/ОРГАН**: ________________

     (одговорете со ДА или НЕ)

2. **АКО ПРЕТСТАВКАТА СЕ ОДНЕСУВА НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ**:
   - **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ: ______**_____________________________________________
   - **АДРЕСА:** _______________________________________________________________
   - **ТЕЛЕФОН:** ___________________
   - **ДАЛИ ЛИЧНОСТА ЗА КОЈА ТВРДИТЕ ДЕКА ВЕ ДИСКРИМИНИРАЛА ТОА ГО НАПРАВИЛА НА РАБОТНОТО МЕСТО/ИЗВРШУВАЈЌИ ГИ РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ:**

     _____________________ (одговорете со ДА или НЕ)

- **АКО ПРЕТХОДНИОТ ОДГОВОР Е ПОЗИТИВЕН, НАВЕДЕТЕ КАДЕ Е ВРАБОТЕНА ЛИЧНОСТА:**____________________________________________________________
________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________
(назив на претпријатието/институцијата/организацијата, адреса, телефон, позиција/работно место на соодветната личност)

**ВАЖНО**: Доколку има повеќе физички и/или правни лица, односно органи против кои поднесувате претставки, Ве молиме за секој од нив да пополните посебна претставка.

**ОСНОВ/И ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**Заокружете еден или повеќе основи на дискриминација, врз чија основа сметате дека сте дискриминирани**.

1. **Пол**
2. **Раса**
3. **Боја на кожата**
4. **Род**
5. **Припадност на маргинализирана група**
6. **Етничка припадност**
7. **Јазик**
8. **Државјанство**
9. **Социјално потекло**
10. **Религија или верско уверување**
11. **Други видови уверувања**
12. **Образование**
13. **Политичка припадност**
14. **Личен или општествен статус**
15. **Ментална и телесна попреченост**
16. **Возраст**
17. **Семејна или брачна состојба**
18. **Имотен статус**
19. **Здравствена состојба**
20. **Некоја друга основа:** (наведете која)____________________________________

**КАДЕ СЕ СЛУЧИ НАСТАНОТ ПО КОЈ ПОВОД ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКА**

1. **РАБОТАТА И РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**
2. **ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И СПОРТ**

3. **СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**
4. **ПРАВОСУДСТВО И УПРАВА**
5. **ДОМУВАЊЕ**
6. **ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ И МЕДИУМИ**
7. **ПРИСТАП ДО ДОБРА И УСЛУГИ**
8. **ЧЛЕНУВАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СИНДИКАЛНИ, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ИЛИ ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗАСНОВАНИ НА ЧЛЕНСТВО**
9. **КУЛТУРА**
10. **ДРУГИ ОБЛАСТИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН** ________________________________________
    __________________________________________________________________ (наведете)

**ОПИС НА НАСТАНОТ** (опишете го детално настанот по кој повод поднесувате претставка, вклучувајќи ги податоците за времето, местото, лицата кои биле присутни и слично)

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
_______________________________________________________________

**<u>ВАЖНО</u>**: Доколку Ви е потребно повеќе место за пишување, употребете додатен лист.

**ДОКАЗИ** (наведете ги доказите кои ги доставувате во прилог на претставката)

1. __________________________________________________
2. __________________________________________________
3. __________________________________________________
4. __________________________________________________

5. ___________________________________________________________

1. **ДАЛИ ИМАТЕ ПОВЕДЕНО СУДСКА ПОСТАПКА** ____________ (одговорете со ДА или НЕ)
2. **АКО СТЕ ПОВЕЛЕ, ПРЕД КОЈ СУД И КОГА** ________________________________________
   ________________________________________________________________________________
   __________________________________________________________________________

   (доставете и фотокопија од тужбата)
3. **ДАЛИ СЕ ИМАТЕ ОБРАТЕНО ДО ДРУГА ИНСТИТУЦИЈА** ________________ (одговорете со ДА или НЕ)
4. **АКО СТЕ СЕ ОБРАТИЛЕ, ДО КОЈА И КОГА** ________________________________________
   ________________________________________________________________________________
   __________________________________________________________________________

   (доставете и фотокопија од кореспонденцијата)

**МЕСТО И ДАТУМ** **ПОТПИС**


ИМА РЕШЕНИЕ ЗА ВАШИОТ ПРОБЛЕМ
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ЗАШТИТЕНИ СТЕ
ИНФОРМИРАЈТЕ
ДИСКРИМИНИРАН

# **Прва фаза:** добивање и разгледување на претставката

## Доставување на претставка



# **Втора фаза:** Обработка на претставката



# **Трета фаза:** Одлучување и проследување на претставката



CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

342.72/.73(497.7)(036)

ВОДИЧ за граѓаните „КЗД во функција на заштитата од дискриминација" / [автори Агим Нухиу ... и др.]. - Скопје :

Македонски центар за меѓународна соработка, 2014. - 47 стр. ; 21 см

Публикацијата е во рамките на проектот: „Од норма до пракса". -

Автори: Агим Нухиу, Ирена Митевска, Ленче Коцевска, Ризван Сулејмани.

- Содржи и: Прилог

ISBN 978-608-4681-14-4

1. Нухиу, Агим [автор]

а) Човекови права и слободи - Заштита од дискриминација - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 95664138